Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-1357/3
25.11 2007 год.
Скопје

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ) ЕВРОПСКА БЕЗБЕДНОСТ, ТЕОРИЈА НА МИРОТ, ЕТИОЛОГИЈА НА ЗАГРОЗУВАЊАТА, УПРАВУВАЊЕ СО МИРОТ И КОНФЛИКТИТЕ, ДИПЛОМАТИЈА И ДЕФЕНДОЛОГИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на XVI редовна седница одржана на 14. XI 2007 година, определени сме за членови на Комисијата за избор на наставник во научните области (дисциплини) Европска безбедност, Теорија на мирот, Етиологија на загрозувањата, Управување со мирот и конфликтите, Дипломатија и Дефендологија.

Врз основа на проучување на документацијата приложена во текот на конкурсната постапка, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Билјана Ванковска, проф. д-р Трајан Гоцевски и проф. д-р Зоран Нацев има чест до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник во научните области (дисциплини) Европска безбедност, Теорија на мирот, Етиологија на загрозувањата, Управување со мирот и конфликтите, Дипломатија и Дефендологија, објавен во *Утрински весник* на 31. X 2007 година се пријавија двајца кандидати: проф. д-р Лидија Георгиева, вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје, и Нада Панова, невработен дипломиран професор за предучилишно образование. При увидот во документацијата, Рецензентската комисија утврди дека кандидатката Панова не ги исполнува условите за избор во наставник, заради несоодветен степен на образование и неисполнување на другите услови предвидени во Законот за високо образование. Затоа, Извештајот се однесува на евалуацијата на пријавата на проф. д-р Лидија Георгиева.

### I Основни биографски податоци

Д-р Лидија Георгиева е родена 1960 година во Куманово. Основно и средно образование завршила во Скопје. Во учебната 1978/79 година се запишала на Филозофскиот Факултет и дипломирала на Институтот за одбрана во 1984 година. Последипломските-магистерски студии по одбрана ги завршила во 1993 година со одбрана на магистерскиот труд „Колективната безбедност во Европа во функција на меѓународниот мир и безбедност".

Докторската дисертација под наслов „Механизми за одржување на мирот и безбедноста во функција на реструктуирање на системот на колективна безбедност" ја одбранила на Филозофскиот Факултет во Скопје во 1997 година.

По дипломирањето, Георгиева во 1987 година е избрана за помлад асистент на Катедрата за одбрана и заштита на Филозофскиот факултет во

## III Стручни и научно-истражувачки активности

Во периодот од изборот во вонреден професор покрај ангажманот на додипломските и последипломските студии д-р Георгиева континуирано се посветува на научноистражувачката и стручната дејност. Во рамките на својот стручно-научен ангажман д-р Георгиева активно е вклучена во остварувањето на соработка со други академски и истражувачки институции.

Како дел од стручниот ангажман д-р Георгиева беше активно вклучена во изготвувањето на студиската програма на додипломските одбранбени и мировни студии според стандардите на ЕКТС. Како континуитет овој ангажман продолжува и во насока на осовременување на програмата на последипломските студии по мир и развој преку актуелизирање и компатибилност на програмата со оние кои се реализираат на европските универзитетски центри. Во таа насока, таа соработува со универзитетски и претставници на меѓународни организации како Универзитетот во Дуисбург и Универзитетот Колумбија, Бергоф Институтот, и др.

Својот научен и стручен ангажман д-р Георiева го реализира и преку соработка и учество во проекти организирани од академски институции, организации и центри кои се насочени кон истражувања, едукација и тренинг во областа на мирот и безбедноста. Таа беше член на Работната група за цивилно-воени односи на Центарот за демократска контрола на вооружените сили од Женева. Во рамките на соработката со овој Центар, таа учествува во активностите во рамките на работилници и конференции, како и со изготвување на стручни анализи по одредени теми. Член е на повеќе меѓународни асоцијации, како: Асоцијација за студии на националностите (Association for Studies of Nationalities, ASN); Асоцијација за меѓународни студии (International Studies Association, ISA), Меѓународно здружение за политички студии (International Political Sciences Association, IPSA) и др.

Таа учествувала во истражувачкиот проект „Механизми за творење на мирот", поддржан од Министерството за наука на Република Македонија, а била член на Советодавниот борд за надворешна и безбедносна политика во рамки на Проектот „Светлина" при Институтот Евро-Балкан. Раководела проекти во невладиниот сектор, а во рамки на активностите на проектот „Партнери во мир и превенција", финансиран од Фондацијата Фридрих Еберт. Учествуваше во повеќе наврати во изготвувањето на Извештаите за рано предупредување во Македонија на Канцеларијата на УНДП во Република Македонија.

Во периодот од изборот во звање вонреден професор до денес (ноември 2007 година) д-р Герогиева се јавува како автор на повеќе самостојни (монографии и научни и стручни) трудови, а била и уредувач на заеднички трудови. Меѓу позначајните се вбројуваат следните:

**Книги**

1. *Творење на мирот. Мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна*, (трето изменето и дополнето издание). Филозофски факултет, Скопје, 2007

2. *Менаџирање на ризици*, Филозофски факултет,Скопје, 2006

8. "Пост-конфликтен безбедносен менаџмент во Македонија: за сопственоста над процесот", *Современа македонска одбрана*, март 2005

9. "Macedonia towards EU: Whether and How Much Prevention Matters?", *Croatian International Relations Review*; Vol. X, No. 36/37, 2004

10. "Кризен менаџмент: регионално искуство и дилеми во Македонија", *Современа македонска одбрана*, бр..10 . декември 2004

11. "Експертската формација и одбраната на Република Македонија: Состојби и перспективи", *Современа македонска одбрана*, бр. 7, јуни 2003

12. "The Role of the International Institutions in Macedonia: From Prevention towards Peacebuiding"; in Georgieva L.(ed), *The Challenges for Post conflict peacebuilding and reconciliation in Macedonia*; IDPS and DCAF, Skopje and Geneva, 2003

13. "Security Sector Expert Formation in Macedonia: Assessment of the Status and the Needs," in: P.H. Fluri and D.M. Law (eds.), *SSEF: Achievements and Needs in South East Europe*, Study Group SSR DCAF, 2003

14. "Good Governance and Security Sector Reform" in J.A. Trapans and P.H. Fluri (eds.), *Defence and Securiry Sector Governance and Reform in South East Europe: Insights and Perspectives*; Volume II; DCAF, Geneva, 2003

**Конференциски текстови**

15. „Conflict Prevention and the Western Balkans: Local Risks and Common Opportunities for Local Communities in Macedonia", conference paper presented at the Annual ASN Conference, Hariman Institut, Columbia University; New York, 12-14 April, 2007

16. Problems of Post-Conflict Public Security management in Macedonia; paper presented at DCAF conference "After Intervention: Public Security Management in Post-Conflict Societies – From Intervention to Sustainable Local Ownership"; Vienna, 2005

17. "Conflict prevention and Peacebuilding: Post-Conflict Dilemmas for Macedonia", conference paper presented at the Friedrich Ebert Foundation and SEE University, 2005

Во овој Извештај, Комисијата одлучи да направи приказ на само неколку позначајни труда:

1) "**Менаџирање на ризици**" е еден од насловите кој најсоодветно го отсликува квалитетот на научниот профил на д-р Георгиева, а зборува и за нејзиното научно созревање во периодот од последниот избор. Во трудот се систематизирани анализите за тенденциите во развојот на критичките и конструктивистичките безбедносни студии, од кои понатаму авторката ги развива сознанијата за динамиката и концептите на ризик и закана на различни

несе за развој на демократски принципи и процедури за разрешување на спротивностите во рамките на општеството.

4) Трудовите **„Реформи во граничното управување"** и **„Реформите во полицијата во Република Македонија"**, како и трудот **„Формирање на експертска заедница во рамките на безбедносниот сектор"** претставуваат резултат на анализа на процесите на трасформирање и реформи на безбедносниот сектор. Овие трудови ги отсликуваат состојбите и динамиките во засебните сектори (секторот за внатрешни работи и интегрираното гранично управување) првенствено од аспект на реформите поврзани со процесот за постконфликтно градење на мирот, но и од аспект на интегративните процеси. Во сите нив е евидентен мултидисциплинарниот пристап на авторката, кој дефинитивно ја вбројува во ретките научни работници кои умешно ги презентираат и анализираат актелните проблеми во реформата на македонскиот безбедносен сектор. Особено е значаен придонесот што низ својата научна дејност го прави д-р Георгиева, а во насока на афирмација на македонската научна мисла надвор од границите на земјата.

5) Трудовите **„Постконфликтни дилеми во Македонија: управување со кризите"** и **„Кризен менаџмент: регионално искуство и дилеми во Македонија"** претставуваат анализа на конфликтниот процес и специфичностите на менаџирањето на кризите, како дел од процесот на менаџирање на конфликтите. Анализите ги опфаќаат концепциските дилеми околу дефинирањето на кризите и противречностите во однос на инструментите за нивно менаџирање. Имено, концептите на надворешно политичка криза и меѓународна криза се појдовна точка во трудовите, како и елементите на овие базичните концепти, кои понатаму аналитички се презентираат. Со нивното поставување во национален и регионален контекст, д-р Георгиева ги извлекува спецификите и дилемите за превенција и менаџирање на надворешно политичките кризи.

**IV Учество на научни собири и конференции**

Проф. д-р Лидија Георгиева не само што е чест учесник на бројни научни и стручни собири во земјата и во странство, туку и самата има активно учествувано и во организирањето на значајни регионалнни конференции: „Превенција на конфликти преку интеграција: Македонија и регионот кон ЕУ и НАТО" (ноември 2005) и „Регионален поглед на превенцијата: стабилност, хумана безбедност и развој" (ноември 2006). Во соработка со меѓународни и регионални здруженија д-р Георгиева учеаствувала на бројни семинари и работилници, преку кои придонесувала во јакнење и подигање на јавната свест за одредени актуелни проблеми, а соработувала и низ разни форми во поттикнување на соработката на јавниот сектор со граѓаните на полето на превенирањето на конфликтите, јакнење на локалните капацитети за поефикасно препознавање на локалните ризици и развивањето на инструментите за превенција. На тој начин, нејзината дејност не е врзана само за академската и теориската сфера, туку умешно ги аплицира научните постулати во изградбата на мирот и демократијата во Република Македонија.

Меѓу позначајните научни собири на кои учествувала д-р Георгиева во периодот од нејзиниот последен избор, ги издвојуваме:

Трето, проф. Георгиева е активна и во невладиниот и јавниот сектор, а со својата експертиза помага во практичната апликација на научните сознанија во низа реформски и демократски процеси низ кои минува Република Македонија.

Согласно искажаните оценки, Рецензентската комисија со особено задоволство и чест му **предлага** на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ја избере д-р Лидија Георгиева во звањето во звањето **редовен професор** во научните области (дисциплини) Европска безбедност, Теорија на мирот, Етиологија на загрозувањата, Управување со мирот и конфликтите, Дипломатија и Дефендологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. Проф. д-р Билјана Ванковска
2. Проф. д-р Трајан Гоцевски
3. Проф. д-р Зоран Нацев

28 ноември 2007 година

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Бр. 04-1357/07
8.01 2008 год.
Скопје

Врз основа на член 75, 133, 141 и 142 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 931/178 од 30.XI 2007 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XVII редовна седница, одржана на 26.XII 2007 година, донесе

# О Д Л У К А

за избор на наставник

I

**1. Д-р Лидија Георгиева**, вонреден професор по предметите: теорија на мирот, етиологија на загрозувањето и дефендологија на Институтот за одбранбени и мировни студии на Филозофскиот факултет во Скопје, се и з б и р а во звањето **редовен професор** за научните области (дисциплини): европска безбедност, теорија на мирот, етиологија на загрозувањата, управување со мирот и конфликтите, дипломатија и дефендологија, за време од 5 (пет) години од денот на изборот.

**2.** Со извршениот избор именуваната засновува работен однос за времето на кое е избрана, сметано од 27.XII 2007 година.

II

Со именуваната ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваната, досието, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски